**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-548/8**
**Скопје, 27.10.2006 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт за 2005 година, на сметката Приходи од кредити- Проект за развој на деца и млади – Владино учество, прикажани на страниците од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Георги Трајчев, директор на Агенцијата за млади и спорт
   - Блашко Смилевски, Проект координатор на Проектот

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 10.07 до 11.08.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни

прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, дадени како составен на овој Конечен извештај, утврдено е следното:

10.1. На ревизијата не и беа обезбедени следните документи:

- Годишна работна програма во која се вклучени набавките, буџетот и финансискиот план за активностите во 2005 година,
- Планот за јавни набавки одобрен од Асоцијацијата,
- Извештај на Проектниот менаџмент за 2005 година,
- Финансискиот извештај до Светска Банка,
- Програма и извештаи за Проектот Мали грантови

10.2. Ревизијата не обезбеди доказ за:

- Начинот на определување на месечниот паушал на центрите;
- аналитичката евиденција за расходите одделно по центри;
- Начинот на спроведување постапка за јавни набавки од мала вредност по центри;
- Определување на висината на месечниот надомест на лицата кои се ангажирани по договор за дело;
- ограничување за користење на мобилните и фиксните телефони;
- Спроведена постапка за јавни набавки за извршување консултантски услуги;
- Не сообразеноста на Протоколот за соработка, во делот за финансиско работење, каде што е предвидено финасиски консултант на проектот да биде финансискиот раководител на Агенцијата, со делот за организација и логистика, каде е дефинирано дека персоналот на Проектната единица не смее да има тековен статус на државен службеник;
- Вршењето на функцијата финансиски консултант од страна на самостоен референт за сметководство наместо финансиски раководител.

11. Поради значењето на документите и прашањата наведени во точките 10.1. и 10.2., ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

12. Поради значењето на документите и прашањата наведени во точките 10.1. и 10.2, ние не изразуваме мислење за наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

**Скопје, 26/10/2006 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

***Овластен Државен ревизор***

-----------------------------

**Агенција за млади и спорт на Република Македонија**
**Проект за развој на деца и млади Владино учество**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис** | **Образло жение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 2.1 | 2,337 | 2,047 |
| **Вкупно приходи** | | **2,337** | **2,047** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 2.2.1 | 1,512 | 1,954 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,512** | **1,966** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 2.3.2 | 507 | 44 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **507** | **44** |
| **Вкупно расходи** | | **2,019** | **2,010** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **318** | **37** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **318** | **37** |

Образложенијата од страна 6 до 9 се составен дел на финансиските извештаи


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

**Агенција за млади и спорт на Република Македонија**
**Проект за развој на деца и млади Владино учество**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис | Образл ожение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 3.1.1 | 300 | 37 |
| Побарувања од вработените | 3.1.2 | 18 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 3.1.3 | 27 | 15 |
| **Вкупно тековни средства** | | **345** | **52** |
| **Вкупна актива** | | **345** | **52** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.2.1 | 27 | 15 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.2.2 | 318 | 37 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **345** | **52** |
| **Вкупна пасива** | | **345** | **52** |

Образложенијата од страна 6 до 9 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------